**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

***Број 1003-306/17***
***Скопје, 27.04.2006 година***

**ДО**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**СКОПЈЕ**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Средства за денационализација за 2004 година, а кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена е ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Министерство за финансии – Средства за денационализација за годините кои и претходат на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски, Министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 08/02/2006 до 12/02/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - › Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - › Абдула Адеми - Самостоен ревизор
   - › Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор
   - › Бранка Ажиевска - Ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои преставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Според наше мислење, финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Министерството за финансии – Средства за денационализација, под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

11. Според наше мислење, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

**Скопје, 26/04/2006 година**

**Овластен државен ревизор**
**Бранислав Гулев**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - СРЕДСТВА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА
## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| **Опис на позицијата** | **2004** | **2003** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 6,651 | 8,632 |
| Трансфери и донации | 1,063 | 17,813 |
| **Вкупно приходи** | **7,714** | **26,445** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и други услуги | 1,034 | 25,381 |
| **Вкупно тековни расходи** | **1,034** | **25,381** |
| **Капитални расходи** | | |
| **Вкупно расходи** | **1,034** | **25,381** |
| **Остварен вишок на приходи - добивка пред оданочување** | **6,680** | **1,064** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **6,680** | **1,064** |
| **Рапоредување на вишокот на приходи - добивката** | 6,680 | 1,064 |
| Дел од нето вишокот на приходи за пренос во наредна година | 6,680 | 1,064 |
| **Вкупно распоред на вишок на приходи** | **6,680** | **1,064** |



*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211 -262; факс 3126-311;*

*Овластен државен ревизор*

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - СРЕДСТВА ЗА ДЕНАЦИОНАЛИЗАЦИЈА
## БИЛАНС НА СОСТОЈБА ЗА 2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | 2004 | 2003 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 6,680 | 1,064 |
| **Вкупно тековни средства** | **6,680** | **1,064** |
| **Вкупна актива** | **6,680** | **1,064** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 6,680 | 1,064 |
| **Вкупно тековни обврски** | **6,680** | **1,064** |
| **Вкупна пасива** | **6,680** | **1,064** |



***Овластен државен ревизор***